**УГОТУР А.Д.-Скопје**

# И З В Е Ш Т А Ј

**за работењето на Уготур А.Д.-Скопје во деловната 2012 г.**

Во деловната 2012 г., Друштвото во своето работење ги постигна следниве резултати:

## I.-Обем на работа

| Вид на услуга | 2011 | 2012 | Индекс 2012/2011 |
|---|---|---|---|
| -организирана исхрана(во порции) | 331 597 | 297 265 | 89,64 |
| -деловни ручкови(во денари) | 380 118 | 355 711 | 93,57 |
| -др.услуги(закуп на деловен простор, во денари) | 1 667 212 | 1 643 592 | 98,58 |

- Во делот на организирана исхрана имаме намалување на обемот во однос на 2011 г. Причина за ваквата состојба е намалувањето на обемот на производството во "Макстил" А.Д.-Скопје. Од таа причина имаше разни спојувања и неработни денови на вработените кои директно се одразија на нашиот приход по тој основ бидејќи "Макстил"А.Д.-Скопје е и најголемиот корсник на наши услуги од типот организирана исхрана.

- Во делот на деловни ручкови имаме намалување на обемот од причини што салата не е од отворен карактер и истата се користи исклучиво за репрезентативни ручкови. Салата во која ги угостуваме нашите гости не е променета во ентериерот и опремата уште од времето на бивша Железара, па заради тоа истата не е интересна и привлечна за гостите.

- Во делот на други услуги (закуп на деловен простор)имаме намалување на обемот од причина што за декември 2012 г. немаме фактурирано закупнина за деловен простор на "Фершпед" А.Д.-Скопје, а тоа произлегува од новонастанатите промени во однос на наплата на побарувањето од страна на "Фершпед" А.Д.-Скопје со одземање на градежниот објект.

## II.-Финансов ефект

| Позиција | 2011 | 2012 | Индекс 2012/2011 |
|---|---|---|---|
| -вкупни приходи | 36 288 369 | 40 115 727 | 110,54 |
| -вкупни расходи | 34 423 327 | 54 932 233 | 150,81 |
| **Добивка(загуба)за фин.год.** | **+ 1 865 042** | **-14 816 506** | **-** |

Ваквиот финансиски резултат произлегува од:

### 1.Приходи

| Позиција | 2011 | 2012 | Индекс 2012/2011 |
|---|---|---|---|
| -приходи од основна дејност | 33 547 181 | 31 624 334 | 94,26 |
| -приходи од закуп на дел.прост. | 1 667 212 | 1 643 592 | 98,58 |
| -приходи од наплат.побарув.од минати години | 169 736 | - | - |
| -приход од продажба на трг.стоки | 832 944 | 4 089 834 | 491,00 |
| -приходи од камати | 2 471 | 2 222 | 89,92 |
| -приходи од отпис на побарувања | - | 2 705 535 | - |
| -останати приходи | 68 825 | 50 210 | 72,95 |
| **Вкупно** | **36 288 369** | **40 115 727** | **110,54** |

## 2.Расходи

| Позиција | 2011 | 2012 | Индекс 2012/2011 |
|---|---|---|---|
| -потрошени суров.и материј. | 16 635 720 | 16 033 406 | 96,37 |
| -трошоци за вработените | 11 107 139 | 11 237 157 | 101,17 |
| -амортизација | 1 458 558 | 1 322 943 | 90,70 |
| -отпис на побарувања од купувачи | 292 170 | - | - |
| -исплати по договор на дело | 186 663 | 159 996 | 85,71 |
| -испл.надом.на член.на одбор на директори | 503 697 | 533 328 | 105,88 |
| -набав.вред.на прод.трг.стоки | 925 493 | 4 501 940 | 486,43 |
| -репрезентација | 170 664 | 212 702 | 124,63 |
| -камати по извршно судско | - | 17 571 444 | - |
| -расходи по однос на камати | - | 4 113 | - |
| -останати трошоци од работ. | 3 089 291 | 3 355 204 | 108,60 |
| **Вкупно** | **34 423 327** | **54 932 233** | **159,57** |

Вкупните приходи во деловната 2012 г. во однос на 2011 г. бележат пад од основната дејност но во делот на приходите од продажба на стоки и услуги има зголемување. Исто така имаме вонреден приход од отпис по попис на побарувања и обврски така што прикажаните приходи на вкупно во деловната 2012 г.прикажуваат зголемување во однос на 2011 г.
Од друга страна пак вкупните расходи во деловната 2012 г. кои произлегуваат од тековното работење бележат зголемување во однос на 2011 г. Тоа произлегува од зголемување на цената на електричната енергија која што воедно повлекува зголемување на другите трошоци поврзани со работењето (зголемување на цените на повеќе видови прехрамбени артикли кои директно се вклучени во подготовка на оброците како на пример месото и сите месни преработки).Направен е обид за зголемување на цената на оброкот со корисниците на нашите услуги, но не се постигнати договори.
Од погоре произнесеното произлегува дека и покрај потешкотиите со кои се соочуваше Друштвото во деловната 2012 г. годината ќе ја завршеше позитивно ако не се случеше продажба на градежниот објект за раздолжување на побарувања по судско извршно на ден 24.12.2012 г. со што во деловната 2012 г. се прокнижи камата во износ од 17.571.444,00 ден.Тоа придонесе Друштвото

деловната 2012 г. да ја заврши со загуба.

Раководството на Друштвото прави напори за зголемување на обемот на работа во наредната 2013 г. со изнаоѓање на нови пазари за што се водат интезивни преговори со потенцијалните корисници на нашите услуги.
Во колку се успее во ваквата намера на раководството на Друштвото, финансискиот ефект од ваквото работење во 2013 г. ќе биде поповолен отколку во 2012 г.

**Скопје, 8 03 .2013 г.**

**Извршен директор**

**/Благој Поповски/**

Акционерско друштво за организирана исхрана и угостителство на работење работење "УГОТУР" СКОПЈЕ